# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" број 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14 и 146/15), во член 10 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Доказите за исполнетост на условите од ставот (4) на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од Регулаторната комисија за домување кое ја води постапката за издавање на лиценца за управител, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (5) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13) и (14).

**Член 2**

Во членовите 93 став (5), 97 став (3) и 118 став (3) зборот „писмено" се брише.

**Член 3**

Во членот 95 став (4) зборовите: „во писмена форма" се бришат.

**Член 4**

Во членот 98 став (4) зборовите: „во рок од 45 дена" се заменуваат со зборовите: „во рок од 30 дена".

**Член 5**

Членот 98-а се брише.

**Член 6**

Во членот 105-а став (1) по зборовите: „јавен оглас кој" се додаваат зборовите: „го објавува Владата на Република Македонија", а зборовите: „се објавува" се бришат.

Во ставот (2) точка 5) алинеја 4 запирката на крајот на реченицата заменува со сврзникот „или".

Алинејата 6 се брише.

**Член 7**

По членот 126 се додава нов член 126-а, кој гласи:

**„Член 126-а**

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице во Регулаторната комисија за домување ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 10 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 10 став (6) од овој закон."

**Член 8**

Во членот 128 зборовите: „членовите 125 ставови (1) и (2) и 127 став (1)" се заменуваат со зборовите: „членот 125 ставови (1) и (2), членот 126-а и членот 127 став (1)".

**Член 9**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 10**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 7 и 8 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".